Методија СОКОЛОСКИ

# ПЕТРИЧКАТА НАХИЈА ВО XVI ВЕК

Во текот на XVI век Петричката нахија[1]) е во составот на османлиската административно-територијална единица наречена Кустендилски санџак[2]) на чие чело стоел санџак-бегот.[3])

До околу 1550 година територијата на Македонија е вклучена во следните три санџаци. Паша-санџакот, каде што било седиштето на румелискиот валија или беглер-бегот. Најголем дел од Македонија е вклучен во овој санџак. Потоа Охридскиот санџак со околу 22 нахии, каде што од Македонија се вклучени Охридската и Преспанската нахија, потоа нахијата Горни Дебар, Долни Дебар, Река и Жупа. Останатите нахии се од територијата на Албанија. Третиот санџак е Кустенделскиот со околу 21 нахија. Од Македонија во него се вклучени 14 нахии или речиси сите од источна Македонија и тоа: Кумановската, Кратовската, Штипската, Кочанската, Славиште, Пијанец, Струмичката, Малешевската, Петричката, Мелничката, Бојмија, Дојранската, Конче и Тиквешката нахија. Од јужна Србија е вклучена Врањската нахија заедно со областа на Прешево. Од Бу-

---

[1]) НАХИЈА (Naxiye)-ar. Назив за најмала административно-територијална единица во склопот на поголема таква единица наречена санџак.

[2]) САНЏАК (Sancak) — тур. Административно-територијална единица во отоманската империја со која управува санџак-бег, или уште наречен и мир-и лива. Санџакот претставува составен дел на најголема административна територијална единица, наречена вилает или беглербеглак, со која управувал беглербегот или уште наречен и валија.

[3])За оваа статија се ползувани податоци од два опширни пописни дефтери од XVI век. Едниот се чува во архивот на председателството на владата (Başbakanlik Azşivi) на република Турција во Истанбул број 170 и тој е од 1519 година, а другиот кој е од 1573 година се чува во Главната катастарска управа (Tapu ve Kadastro Umum Müdürlüğü) во Анкара под инвентарен број 88. Пописните дефтери почнуваат да се составуваат по целосното воведување на тимарско-спахискиот систем и најстарите такви дефтери наречени (Tahrir defterleri) датираат од околу средината на XV век. За оние нахии што биле во склопот на Кустендилскиот санџак досега немаме ниеден пописен дефтер од XV век, и затоа ние се ограничуваме на општествено економските прилики во Петричката нахија само во текот на XVI век.

гарија се: Кустендилската, Дупничката, Радомирската, Горно Краиште и нахијата Сиришник.

Околу 1552 година на територијата на Македонија се создаваат три нови санџаци со територии и населби кои дотогаш беа во составот на Паша-санџакот. Тоа се: Скопскиот, Солунскиот и санџакот Драма. Во Скопскиот санџак се опфатени Скопската, Тетовската, Кичевсата и Прилепската нахија, а во составот на Солунскиот и Драмскиот санџак се вклучени околните нахии на тие центри.

XVI век во османлиската историја се карактеризира со неколку работи. Пред сè во првата половина од XVI век и особено за време на владеењето на султанот Сулејман Величествени, османлиската држава достигнува кулминација во својата експанзија и територијални освојувања не само на Балканот туку и во внатрешноста на Европа и Африка. Тоа е период кога тимарско-спахискиот феудален систем ја достигнува врвната точка, но во исто време во неговите пазуви во тој век се раѓа нов аграрен систем — чифлигарството, кој ги подрива темелите на класичниот тимарско-спахиски систем и во владејачката феудална класа вовлекува и други слоеви на граѓанството. Тоа е период кога Отоманската империја почнува да претрпува порази на бојните полиња, кога спахиите отпочнуваат да откажуваат послушност и почнуваат масовно да дезертираат. Период кога јаничарите почнуваат да се дигаат на бунт против самите султани. Период кога, поради исцрпувањето на финансиските средства, државните даноци се зголемуваат повеќекратно, а работното селанство и граѓанството не е во состојба да го издржи тој товар и затоа отпочнува масовниот активен и пасивен отпор на селанството, напуштајќи ги своите родни места и масовно пристапување кон ајдучките дружини. Тоа е период кога отоманските власти вршат пресија над христијанското население за преминување во ислам и кога добар дел од селското население, не можејќи да го поднесе тешкиот товар од државата и непосредните феудални господари, како и од месните власти, е принудено да премине во ислам за да го избегне плаќањето на некои тешки државни и други даноци како што е џизието (харачот)[4]) кој од околу 30—40 акчиња годишно се зголемува на 300—400 акчиња.

За некои од спомнатите појави во XVI век, како што е исламизацијата и чифлигарството, ние ќе дадеме извесни податоци

---

[4]) ЏИЗИЕ (Cizie) — перс. Овој данок е наречен уште и харач, а го плаќале само немуслиманите. Во литературата овој данок е познат како „главарина". Приходот од овој данок се збирал за државната благајна. Во текот на XV век овој данок бил снослив. Меѓутоа во последните децении од XV век и понатака во XVI и XVII овој данок е десетократно зголемен и претставувал огромен терет за христијанското население. Опстојна студија за овој данок има објавено Хамид Хаџибегиќ под наслов: Džizije ili harač — Prilozi za orijentalnu filologiju... Sarajevo, 1953

и за Петричката нахија. Во текот на XVI век Петричката нахија е во составот на Струмичката каза или кадилак.[5])

Сите села во оваа нахија во текот на XVI век се вклучени во феудални лена. Така, на пример, селото Долани е хас[6]) на падишахот, селото Старчево е вклучено во хасовите на Дервиш Челеби, дефтердар[7]) при царската благајна, а селото Дреново е во хасовите на Јунус-бег, санџак-бег на ќустендилскиот санџак.

Значи, три села се вклучени во највисоката категорија на феудалните лена, наречени хасови. Во втората категорија на феудални лена наречени зеамети[8]) се вклучени 19 села од оваа нахија. Притежатели на зеаметите се разни функционери од администрацијата или службеници при султанскиот двор, како и при беглер-бегот. За секој од овие феудалци во пописниот дефтер е внесено името и презимето, како и професијата или функцијата што ја вршел. Така, на пример, меѓу нив се среќаваат петмина мутеферици[9]) при султанскиот двор и еден мутеферик при беглер-бегот, двајца чауши при султанскиот двор, двајца емини[10]) на дефтерите, еден кетхуда[11]) на тимарите, еден воен старешина при султанскиот двор, еден војвода[12]) на паша итн.

Преостанатите села од Петричката нахија се вклучени во единични, но повеќето се во заеднички тимари.[13]) Помеѓу спахиите тимарите се среќаваат и двајца исламизирани христијани, кои уживаат заеднички тимари со други спахии. Едниот е Мустафа, син на Абдула, корисник на заедничкиот тимар во

---

5) КАЗА ИЛИ КАДИЛАК (Kaza) — ар. Назив за територија до каде што се простирала власта на еден кадија.

6) ХАС (Hass) — ар. Назив за феудално лено во отоманската држава од највисока категорија. Приходот од хас се движел до над еден милион акчиња. Притежатели на хасови можеле да бидат султанот или членови од неговата породица како и други највисоки државни функционери како што биле везирите, беглербеговите, санџак-беговите, пашите, кадиаскерите и други.

7) ДЕФТЕРДАР (Defterdar) — гр. перс. Назив за највисок финансов службеник или функционер било при султанскиот двор или при беглербегот.

8) ЗЕАМЕТ (Zeamet) — ар. Назив за феудално лено од втора категорија со годишен приход од 20 — 99.9999 акчиња годишно. Зеамети биле доделувани на пониски службеници од горецитираните.

9) МУТЕФЕРИК (Müteferik) — ар. Назив за службени лица од висок ранг било при султанскиот двор или при беглербегот. Тие биле придружници на султаните т.е. беглербегот.

10) ЕМИН (Emin) — ар. Повереник, надзорник, управител, Назив на службеници што се испраќале на терен за вршење пописи, или за собирање на даноци.

11) КЕТХУДА (Kethuda) — перс. Помошник или заменик на везир, беглербег, диздар, санџак-бег. Назив на старешини на еснафи или на маала.

12) ВОЈВОДА — Назив за лица што биле одредени да управуваат со хасови на поедини високи државни функционери, со задача да вршат надзор и да ги собираат приходите.

13) ТИМАР (Timar) — перс. Назив за најниска категорија феудално лено, со годишен приход до 19.999 акчиња.

кој е вклучено селото Ѓурѓево. Неговиот годишен приход изнесува 2 600 акчиња, а на другиот корисник 2 442. Другиот спахија конвертит се викал Џафер, син на Абдула. Тој е корисник, исто така, на заеднички тимар во кој е вклучено селото Гребене. Неговиот дел од приходите на заедничиот тимар изнесува 6 300 акчиња.

Од вкупно 42 села во Петричката нахија во 1573 година три се вклучени во хасовите, 19 во зеаметите и 20 во тимарите.

Во нашето излагање во врска со феудалните господари на територијата на Петричката нахија ние повеќе се задржавме на притежателите на хасовите за да се има преглед какви функции и служби вршеле тие во османлиската држава. Што се однесува до спахиите—тимариоти, т.е. лица што уживале единични или заеднички тимари, познато е дека нивната основна задача била да земаат активно учество во воените походи и дека истите ја претставувале ударната снага во османлиската армија.

Во 1519 година градот Петрич е вклучен во хасовите на Кустендилскиот санџак-бег заедно со градот Врање.

Пописот на градот во дефтерот почнува најнапред со муслиманскиот елемент, при што старешините на семејствата се регистрирани по име и презиме или, пак, по име и професија или занает. Во 1519 година во Петрич поименично се регистрирани 60 старешини на муслимански семејства. За 21 од регистрираните во самиот дефтер стои дека биле акинџии.[14]) Следејќи ги презимињата на регистрираните муслимани, можевме да констатираме дека од вкупниот број на регистрираните муслимани 21 се конвертити (исламизирани христијани), бидејќи презимињата им гласат „бин Абдуллах“ што во превод значи „син на роб божји“. Според тоа, во 1519 година во градот Петрич секој трет муслиман е конвертит.

Што се однесува до пописот на христијанскиот елемент, т.е. на Македонците во градот, тој е даден по маала и нив ги има 13. Еве некои имиња на маалата — Поп Трајко, Поп Драгош, Поп Велчо, Панче, Стајко Богдан, Ѓурко Димо, Трпо Тодор и други. Досегашните испитувања и проучувања на пописните дефтери од XV и XVI век нè доведоа до констатацијата дека во XVI век најголемиот број на маалата по градовите во Македонија го носат името на попот што бил во тоа маало, како што веќе имаме погоре наведено случаи со маалата Поп Славе, Поп Велчо итн. Во втората половина од XVI век ваквите имиња на маалата се масовна појава. Вкупниот број на регистрираните Македонци, т.е. христијани, е 621, од кои 461 старешини на семејства, 75 вдовици и 85 неженети а работоспособ-

---

[14]) АКИНЏИЈА (Akinci) — тур. Припадник на лесна коњица во XV и XVI век. Како воени единици, акинџиите биле распределувани во пограничните предели, со задача да ги чуваат границите, а во исто време биле ползувани и како извиднички одреди за нови територијални освојувања.

ни. Ако вдовиците ги сметаме како старешини на семејства, во тој случај во градот Петрич во 1519 година имало вкупно 536 христијански семејства. Поаѓајќи од претпоставката едно семејство да броело во просек 5 членови, во тој случај во тоа време во градот имало 2 680 Македонци и 300 муслимани или вкупно околу 2 980 жители.

Секако паѓа в очи мошне големиот број вдовици во градот кој изнесува 75. Ваква појава на извонредно голем број вдовици имаме досега стретнато само уште во 1—2 други градови во Македонија. Како појава е мошне симптоматична и како таква тешко може да се објасни.

По пописот на населението во дефтерот следи пописот на разните натурални и парични давачки што било должно градското население да му ги дава годишно на непосредниот феудален господар, во конкретниов случај на Ќустендилскиот санџак-бег. На крајот сите давачки се пресметани во пари и во дефтерот за градот Петрич стои „приход 82.489 акчиња“. Ако овој годишен приход на санџак-бегот го поделиме со бројот на семејствата во градот, ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓа по 130 акчиња годишно.

Најголем годишен приход феудалниот господар, т.е. санџак-бегот, имал од ушурот на лозјата, кој се земал од христијаните во натура, т.е. како вино, а од муслиманите, што имале лозја, се наплатувал паричен износ од 5 акчиња за секој донум лозје.[15]) Така, на пример, во дефтерот е регистрирано дека населението било задолжено со 3508 медри[16]) вино во износ од 21.048 акчиња, т.е. секоја медра вино се пресметувала по 6 акчиња. Според тоа, само приходот од христијанските лозја на жителите од градот Петрич претставува над 25% од вкупните годишни натурални и парични давачки. Што се однесува до муслиманите во градот Петрич, тие се задолжени на име данок за лозја со парична сума во износ од 300 акчиња. Во самиот дефтер оваа давачка е регистрирана како „resm-i dönum“ (данок за донуми лозја). Во некои случаи овој данок изнесуавл по 4 акчиња за еден донум лозја, а во други случаи 5 акчиња. Ако се наплатувало по 5 акчиња, тоа значи дека муслиманите од Петрич имале 60 донуми лозја, т.е. во просек секој муслиман имал еден донум лозје.

На второ место доаѓа приходот земан како ушур (десеток) од разни жита и зрнести култури (пченица, јачмен, 'рж, овес, леќа, граор и друго). Целокупното градско население е за-

[15]) ДОНУМ (Dönüm) — тур. Назив за површинска мерка за земјиште. Еден донум во должина и во широчина имал 40 чекори или околу 900 м$^2$.

[16]) МЕДРА (Medre) — Мерка за течност. Во пописните дефтери се употребува за мерење на виното или ширата. Не е точно утврдена колкава количина претставувала, али во некои турски документи е означено дека едно словенско ведро претставувало две медри.

должено со околу 500 товари жито во вредност од 14.102 акчиња. Еден товар пченица се пресметувал по 36 акчиња. Населението е задолжено со 207 товари пченица во вредност од 7 452 акчиња, потем со 282 товари мешано жито (јачмен, 'рж, овес, просо) во вредност од 6204 или по 22 акчиња за секој товар мешано жито. Населението е задолжено со 9 товари граор во вредност од 234 акчиња, т.е. по 26 акчиња секој товар, како и со 5 товари леќа и граорица во вредност од 200 акчиња, односно по 40 акчиња за секој товар.

На трето место доаѓа приходот земан на име данок наречен „испенџе". Со овој данок е обложено само христијанското население. Така, на пример, регистрираните старешини на семејствата, како и неженетите, а работоспособни (mücerred),[17]) биле должни да даваат по 25 акчиња годишно, додека вдовиците се обложени само со по 6 акчиња. Вкупната сума што му следела годишно на феудалниот господар само од градот Петрич, изнесувала 14.100 или онолку колку што изнесувал ушурот од сите житарици. Според тоа, само овие три досега споменати давачки изнесуваат годишно над 50% од вкупните приходи на феудалниот господар.

Во самиот дефтер се регистрирани поединечно 27 давачки. Исклучувајќи ги веќе споменатите, приходите од останатите давачки се движат од 20—5600 акчиња. Еве некои од давачките со поголеми износи: годишниот приход од „ушурот од кожурци" изнесувал 5250 акчиња, што е еден мошне добар знак дека одгледувањето на свилената буба во атарот на градот Петрич било на завидна висина, ушурот од лен изнесувал годишно 4409 акчиња. Во споредба со други градови во Македонија производството на оваа култура во Петрич заземала едно од првите места. Данокот за свињи изнесувал 612 акчиња, ушурот од жир (bulut) изнесувал 1500 акчиња годишно; ушурот од бостан 800 акчиња. Регистрирани се и приходи од разни овошја, на пример, од круши, бадеми, ореви и друго што е знак дека и овоштарството било можне застапено во градот.

## Петрич во 1573 година

Во 1573 година градот Петрич повеќе не е вклучен во хасовите на санџак-бегот како што беше порано, т.е. во првата половина од XVI век. Сега градот е вклучен во зеамет што му бил доделен на Омер, син на Јунус-бег и неговите двајца браќа — Осман и Алија.

Годишниот приход од градот Петрич, како и од трите, негови приградски населби, според сумирањето на попишувачот, изнесувал 83.741. Од оваа сума на Омер му слдеувало 33.719

---

17) МУЏЕРЕД (Mücerred) — ар. Во пописните дефтери работоспособните синови се регистрирани како муџереди.

акчиња годишно, на едниот брат по име Осман 25.023 и на вториот брат Алија 24.999 акчиња.

Во дефтерот од 1573 година пописот на приградските населби Козле, Сербан и Прибој се дадени одделно, но за секоја од овие населби е изрично нагласено дека е приклучена кон градот Петрич. Така, на пример, во населбата Козле се регистрирани четворица муслимани, од кои 1 неженет, како и 17 христијански семејства и 9 неженети. Вкупниот приход од регистрираните натурални и парични давачки изнесува 3741 акче. Во приградската населба Сербан се регистрирани поединечно 28 христијански семејства и 7 неженети. Приходот од оваа населба е даден заедно со приходот на следната приградска населба наречена Прибој и тој изнесува 8420 акчиња, Во Прибој се регистрирани 3 христијански семејства, 2 вдовици и 6 неженети. Според тоа, вкупниот приход од трите приградски населби изнесувал 12.161 акче, а само од градското население на Петрич годишниот приход изнесувал 71.580 акчиња или вкупно 83.741 акче.

Да потсетиме дека овие приградски населби во пописот од 1519 година фигурираат како маала во самиот град Петрич и таму, освен личниот попис на населението, не се дадени одделно нивните обврски кон непосредниот феудален господар, т.е. таму фигурира годишниот приход како општ за сите регистрирани маала во градот.

Пописот на градското население во овој дефтер е даден по маала. Најнапред е даден пописот на муслиманското население. Во ова време имало само едно муслиманско маало наречено Џамија и во него се регистрирани вкупно 111 муслимани, од кои 5 неженети, а другите се старешини на семејства. Меѓу регистрираните муслимани се среќаваат тројца верски службеници при џамијата во градот и тоа: 1 хатиб[18]) 1 имам[19]) и 1 муезин.[20]) Понатака се среќаваат четворица трговци со стока (џелепи),[21]) потем четворица собирачи на даноци (мухасили),[22]), 10 притежатели на чифлици, 1 учител и извесен број занаетчии, на пример, бојаџии, кујунџии, налбати, алваџии, ашчии и други. Меѓу регистрираните старешини на семејства од муслиманите се среќаваат 21 конвертит или исламизирани христијани.

---

18) ХАТИБ (Hatib) — ар. Проповедник во џамија, кој во петок и на двата бајрами држи проповед пред верниците.

19) ИМАМ (Imam) — ар. Муслиманско духовно лице што раководи со задолжителните молитви во џамијата и се смета како главен службеник во самата џамија.

20) МУЕЗИН (Müezin) — ар. Муслиманско духовно лице кое од минарето на џамијата ги повикува верниците на молитва.

21) ЏЕЛЕП (Celep) — ар. Трговец со добиток (овци, волови и друго).

22) МУХАСИЛ (Muhassil) — ар. Службено лице задолжено со собирање на разни државни даноци.

Муслимани се регистрирани и во едно христијанско маало наречено Баница. Ги има вкупно 20, од кои петмина се неженети. Меѓу овие има петмина исламизирани христијани. За овие муслимани во дефтерот стои дека биле ешкинции[23]). Меѓу разните приходи од градското население на 194 лист е заведен и приходот од 120 акчиња како „resm-i duhan",[24]) со кој биле задолжени 20 јуруци.[25]) Може со сигурност да се претпостави дека овие 20 јуруци се всушност оние 20 регистрирани муслимани во маалото Баница како ешкинции. Данокот „resm-i duhan" во износ од 6 акчиња годишно се земал од муслиманите кои немале свое местожителство. Некои историчари овој данок го преведуваат со „димнина", а јас во своите трудови го преведувам како „данок за привремен престој на едно место".

Што се однесува до македонското население на градот Петрич во пописниот дефтер е распределено во 10 маала во кои се регистрирани вкупно 409 лица, од кои 266 старешини на семејства, 36 вдовици и 107 неженети.

Иимињата на маалата се следните:

1. Маало Поп Трајко
2. —„— Поп Димо
3. —„— Поп Славе
4. —„— Тимурхан
5. —„— Базар (каде што било пазариштето)
6. —„— Веселин
7. —„— Вељо Шитец
8. —„— Баница
9 —„— Муса
10. —„— Душкан

За двајца жители од маалото Базар, по име Стојко Јоле и Димитри Стојо, во дефтерот над нивните имиња има текст во кој се говори дека тие биле задолжени да ги одржуваат и поправаат чешмите во градот и како компензација за вршење на таа должност биле ослободени од сите редовни и вонредни државни даноци. Меѓу христијаните има 5 свештеници, т.е. попови како што стои во дефтерот и тоа: поп Стојан, поп Панчо, поп Стојчо, поп Манол и поп Мане.

Составот на населението на градот Петрич ќе го прикажеме на следниот табеларен преглед кој е составен врз основа

---

23) ЕШКИНЦИЈА (Eşkinci) — тур. Назив за спахија или други лица кои земаат активно учество во воените походи.

24) РЕСМ-И ДУХАН (Resm-i duhan) — Назив за данок што се земал за привремен престој на некое место. Во историската литература овој данок се предава со називот „димнина".

25) ЈУРУЦИ (Yürük) — тур. Назив за сточари — номади преселени на Балкан од Мала Азија. Од јуруците подоцна е создадена специјална воена организација со свои одреди и старешини.

на податоци од два пописни дефтери од првата половина на XVI век и еден од втората половина.

| Број и година на пописниот девтер | Македонци | | | Муслимани | | | Год. прих на феудал. гос-под, од град. население |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејства | Женети | Од нив конверти | |
| № 167 од околу 1512 | 493 | 54 | 73 | 49 | 6 | — | 58.623 |
| № 170 од 1519 | 461 | 75 | 85 | 60 | — | 21 | 82.489 |
| № 85 од 1573 | 316 | 36 | 129 | 106 | 5 | 21 | 83.741 |

Од овој табеларен преглед за движењето на составот на населението се заклучува следното:

1. Дека во составот на македонското население во 1512 и во 1519 година нема поголеми промени, бидејќи бројот на семејствата од 547 се намалува на 536 (вдовиците ги третираме како семејства). Меѓутоа, во 1573 година е евидентно големо смалувањето на населението, бидејќи бројот на христијанските семејства од 536 во 1519 година се смалува на 352 што значи дека бројот на семејствата се смалува за 184 семејства. Македонското население од 1512—1573 година во градот Петрич е во постојано опаѓање.

2. Што се однесува до муслиманското население, од табелата јасно се гледа дека тоа е во постојан растеж така што од 42 семејства во 1512 година се покачува, т.е. се зголемува на 106 во 1573, што значи повеќе од двојно зголемување. Што се однесува до исламизираните христијани, нивниот број во дефтерите од 1519 и 1573 година е 21. Меѓутоа, бројот на исламизираните фактички е многу поголем во 1573 година, бидејќи синовите на исламизираните татковци, почнувајќи од 1512 година па натаму, во новите пописни дефтери за презиме го имаат муслиманското име на исламизираниот татко и така не е можно во никој случај да се откријат сите тие синови на исламизирани татковци дека се исламизирани христијани.

3. Од табелата се гледа дека годишните обврски на градското население кон непосредниот феудален господар од 58.623 акчиња се зголемува на 83.741 акче. Ако вкупниот годишен приход се подели на бројот на сите семејства во градот, вклучувајќи ги и муслиманските, ние ќе видиме дека во 1512 година во просек се паѓа по 98 акчиња годишно на едно семејство, во 1519 година по 138, а во 1573 година по 183 акчиња годишно, што значи дека во споредба со 1512 година има двојно зголемување на просекот.

Порано ние се задржавме на поважните натурални и парични давачки во 1519 година. Сега да видиме како се движат тие давачки во 1573 година.

Најголема ставка меѓу давачките во 1573 година претставува, како и во 1519, ушурот од лозја или од вино, кој изнесува 3720 медри вино или пресметани во пари 22.320 акчиња. Ако кон овој износ ја додадеме и паричната давачка за лозја на муслиманското население во градот, која изнесува 1020 акчиња за 204 донуми муслимански лозја, вкупниот износ од давачката за лозја би изнесувала 23.340 акчиња. Да се потсетиме дека во 1519 година обврските на христијанското население за лозја изнесувало парично 21.048, а на муслиманските 300 акчиња. Со други зборови во 1573 година, иако бројот на македонските семејства е значително намален, сепак ушурот од лозја за нив изнесува 3720 медри или 22.320 акчиња, сметајќи ја медрата по 6 акчиња. Од друга страна, муслиманските семејства на број 60 во 1519 година беа задолжени за 60 донуми лозја, додека во 1573 година бројот на семејствата е 106, а задолжени се со 1020 акчиња за 204 донуми лозја, што значи дека бројот на донумите со лозја е речиси двојно зголемен.

На второ место во 1573 година доаѓа количината и паричниот износ од ушурот од жита. Градското население, заедно со трите приградски населби, е задолжено со вкупно 951 товар жито во паричен износ од 18.555 акчиња и тоа 412 товари пченица во вредност од 10.300 акчиња, 528 товари мешано жито во вредност од 7885, 9 товари граор во вредност од 270 акчиња и 2 товари леќа во вредност од 100 акчиња. Со мошне голема количина жито се задолжени приградските населби што се додадени кон Петрич. Така, на пример, населбите Прибој и Сербан, кои имале вкупно 33 семејства и 13 неженети, се обложени со 150 товари пченица, со 100 товари мешано жито и со 2 товари граор или вкупно 252, товари во вредност од 5310 акчиња. Со други зборови на едно семејство од овие две села во просек му се паѓа речиси по 8 товари жито годишно како обврска кон непосредниот феудален господар. Инаку, ако се земе целокупната количина жито во износ од 951 товар и ако се подели со бројот на семејствата во градот и приградските населби, ќе се види дека на едно семејство во просек му се паѓа по околу 2 товари како годишна обврска. Оваа констатација во врска со годишните обврски на име ушур од жита во приградските населби мошне убедливо говори дека ушурот не претставува 1/10 или 1/8, туку дека тој бил многу поголем и се движел негде до 20 или 30%, од произведеното жито што требало да му се даде на феудалниот господар. Впрочем, во османлиските закони кои се однесуваат на Румелија во врска со ушурот е изрично нагласено дека тој претставува пропорционална натурална рента која може да се движи од 10—50% во зависност од бонитетот на земјата.

На трето место доаѓа приходот наречен „испенце“ земан само од христијанското население и тој изнесува 11.153 акчи-

ња. Во 1519 година приходот од оваа давачка изнесувала 14.100 акчиња, бидејќи тогаш бројот на регистрираното христијанско население бил поголем.

На четврто место е приходот од трошарината или пазарните такси (bac-i bazar),[26]) кој во 1573 година изнесува 8000 акчиња. Овој приход не е регистриран и не се среќава во 1519 година, најверојатно, заради тоа што му припаѓал на некој друг феудален господар. Ушурот од кожурци изнесувал 3000 акчиња. Мошне е голем и приходот од данокот за свињи, кој изнесува 1635 акчиња, додека во 1519 година изнесувал 612 акчиња. Ушурот од улишта изнесува 350 акчиња. Како ушур од лен се регистрирани 750 оки, а секоја ока се пресметувала по 2 акчиња, така што вкупната сума од оваа давачка изнесувала 1500 акчиња. Приходот од желади изнесувал 500 акчиња. Има заведено и данок од воденици во износ од 1350 акчиња. Регистрирани се 45 воденици и за секоја воденица се земало годишно по 30 акчиња што изнесувало 1350 акчиња. Водениците, веројатно, не се само во атарот на градот Петрич туку и во синорите на селата во Петричката нахија, а сопствениците на водениците, секако, се жители на градот Петрич и затоа приходот е заведен во самиот град. Мерката за жито во 1573 година е товар (himl). Еден товар пченица се пресметувал по 25 акчиња, товар мешано жито по 15, еден товар граор 30, а еден товар леќа 50 акчиња. Во 1519 година како мера за жито се среќава и товар (himl) и киле (киле). Цената на двете овие мерки во 1519 година е иста. Така, на пример, еден товар (или киле) пченица се пресметувал по 36 акчиња, а 1 товар (киле) мешано жито по 22 акчиња.

Споредувајќи ги вредностите на товарот жито во 1519 со товарот во 1573 година, се забележува една прилично голема разлика, т.е. за пченицата соодносот е 36 : 25, а за мешаното жито 22 : 15. Со сигурност може да се претпостави дека мерата товар или киле во 1519 година количински била значително поголема од онаа во 1573 година. Инаку, општо познато е дека, на пример, мерата киле по својата тежина била различна во разни области. Товарот тежински бил исто така различен така, на пример, елбасанскиот товар е потежок за 50% од охридскиот, т.е. во елбасанскиот товар имало 6 истанбулски киле, а во охридскиот 4 киле. Во 1519 година во Петричката нахија килето е изедначено со товарот, а вредноста од 36 акчиња за пченица или 22 акчиња за мешаното жито говори дека количински или тежински товарот тогаш бил над 150 кгр.

Ако паричната сума за житото во 1573 година ја поделиме со чинењето или пресметувањето на товарот во 1519 година, тогаш ќе видиме дека со таа мерка во 1573 година би имало

---

[26]) БАЦ-И БАЗАР (Bac-i bazar) — пазаришна такса. трошарина.

286 товари пченица (10.300 : 36) и 358 товари мешано жито (7885 : 22) или вкупно 644 товари, што значи во споредба со 1519 година повеќе за околу 145 товари. Ако паричните суми и житото во 1519 година ги поделиме со чинењето на 1 товар во 1573 година, тогаш би ја имале следната состојба. Количината пченица во 1519 година би изнесувала 298 товари, а на мешаното жито 414 товари или вкупно 712 товари. Со ваквото пресметување произлегува дека во 1573 година имало повеќе 228 товари пченица и мешано жито (940—712 = 228). Со други зборови, во просек на едно семејство во 1519 година доаѓа по 1,2 товари жито да му се дава годишно на феудалниот господар, а во 1573 година по 2 товари.

По однос на ушурот од лозја или вино во 1519 година во просек на едно христијанско семејство доаѓа годишно по 6,4 медри или по околу 36 акчиња, а во 1573 година по 10,5 медри или по околу 63,5 акчиња. Од компарацијата на најважните давачки на феудалниот господар може да се заклучи дека градското население во 1573 година во споредба со 1519 година било значително повеќе оптоварено со давање на име „ушур од жита".

Приходот од 8000 акчиња годишно на име трошарина (bac-i bazar) во градот Петрич е најдобар доказ дека во овој град во текот на XVI век прометот бил мошне развиен и дека тој претставувал важен пазаришен центар.

## Составот и обврските на селското население во Петричката нахија

На територијата на Петричката нахија во 1519 година се опфатени 33 населени места или села со вкупно 2472 семејства, од кои 2405 македонски и 69 муслимански. Ако претположиме дека едно семејство имало во просек 5 членови, во тој случај вкупното население по селата на Петричката нахија би било 12.360, од кои 345 муслимани, а останатите Македонци. Муслимани се среќаваат во 17 села од вкупно 33 и тоа од 1—12 семејства максимум. Најмногу муслимани се регистрирани во селата: Јаворница, каде има 12 муслимански семејства и 3 неженети, додека бројот на македонските семејства е 179 и 3 неженети; во селото Коларево има 9 муслимански семејства и 2 неженети, а бројот на македонските семејства е 192 и 28 неженети; во селото Митиново има 7 муслимански семејства и 1 неженет додека бројот на христијанските е 42 семејства итн. Во останалите села бројот на муслиманските семејства се движи од 1—5 максимум.

Од вкупниот број на регистрираните муслимани по селата во Петричката нахија, кој изнесува 83, од кои 69 семејства и 14 неженети, за 33 од регистрираните муслимани можевме да

констатираме дека се исламизирани христијани што значи дека 40% од регистрираните муслимани во 1519 година се конвертити, што е најдобар доказ дека исламизацијата на христијанскиот елемент во Петричката нахија почнал околу 1515—1518 година. За илустрација ќе приведеме и конкретни примери. Во селата Дражево, Елашница и Дреново се регистрирани по еден муслиман и сите тројца се конвертити. Во селото Селење се регистрирани 5 муслимани и сите се конвертити. Во селото Ѓурѓево и Холово се регистрирани по тројца муслимани и сите се конвертити.

Села со најголем број жители, односно семејства, во Петричката нахија во 1519 година се следните:

1. с. Клуч со 245 семејства или околу 1225 жители.
2. с. Дражево со 199 семејства или околу 995 жители.
3. с. Коларево со 201 семејство или околу 1005 жители.
4. с. Габрени со 154 семејства или околу 770 жители.

Целокупното селско население во оваа нахија во 1519 година е задолжено кон непосредниот феудален господар со сума во износ од 253.070 акчиња. Ако оваа сума ја поделиме со вкупниот број на семејствата (македонски и муслимански), ќе констатираме дека во просек на едно семејство се паѓа да му даде на феудалниот господар по околу 102 акчиња годишно.

Во 1573 година на територијата на Петричката нахија се регистрирани и е извршен попис на 42 села, додека во 1519 беа 33. Вкупниот број на семејствата во сите 42 населби е 3554, од кои 3371 македонски и 183 муслимански. Според тоа, вкупното население во нахијата по ова време било околу 17.770, од кои 16.855 македонци и 915 муслимани. Целокупното селско население годишно е задолжено со 382.271 акче. Во просек на едно семејство се паѓа по околу 107,5 акчиња годишно.

Во 1573 година се среќава една населба од 44 семејства со чисто муслиманско население, кои биле оризари (челтукчи)[27]) во месноста Чорловци. Од нив 20 семејства биле должни да му даваат на феудалниот господар, т.е. на падишахот по 100 киличa[28]) чист ориз. Секој килич се пресметувал по 24 акчиња така што вкупната сума годишно изнесувала 2400 акчиња. Оризарите се ослободени од давање авариз,[29]) нузул,[30]) како и од давање веслари. Муслимани се среќаваат и во 31 македонско се-

[27]) ЧЕЛТУКЧИ (Çeltukçi) — тур. оризар; производувач на ориз.

[28]) КИЛИЧ — назив за тежинска мерка за ориз. Не успеавме да установиме количински колкава била оваа мерка.

[29]) АВАРИЗ (Avariz) — ар. Државен данок во натура или во пари. На прво време овој данок се собирал само по време на војна. Подоцна тој станува редовен годишен данок.

[30]) НУЗУЛ (Nuzul) — ар. Вид данок што се земал претежно во натура за потребите на војската.

3*

ло, каде што бројот на регистрираните муслимански семејства се движи од 1—22. Најмногу ги има во селото Јаворница — 22 муслимански семејства, а македонските се 145, потем во селата Коларево и Михново ги има по 14, а македонските во Коларево се 227 семејства а во Михново 50, во селата Кумарани и Скрит има по 11 муслимански семејства итн.

Што се однесува до бројот на исламизираните по ова време, можевме да констатираме дека нивниот број е 33 што би значело дека секое шесто семејство од регистрираните семејства е исламизирано. Релативно малиот број на исламизирани доаѓа оттаму што извесен број муслимани, како, на пример, јуруците и добар дел од оризарите, се колонизирани муслимани, а од друга страна, синовите на оние исламизирани христијани од порано, како што веќе нагласивме, не е можно да се откријат како конвертити.

Треба да се одбележи и тоа дека помеѓу муслиманите има 36 семејства кои поседуваат баштини. Бидејќи баштини[31]) можеле да имаат само христијани и поради фактот што баштините биле задолжени со данок од 25 акчиња наречен испенџе, затоа во никој случај тие не смееле да се изгубат од евиденција, зошто тоа би значело намалување на приходите на непосредниот феудален господар. Ете зошто за гореприведените 36 муслимани во дефтерот стои дека поседуваат баштини. Се поставува прашање како дошле баштините од рацете на христијаните, во рацете на муслиманите. Пред сѐ, не е исклучено христијаните што ги имале овие баштини да преминале во ислам. Потем не е исклучена и купопродажбата на баштината извршена меѓу муслиманите и христијаните, најпосле може да се претпостави и узурпирање на баштините од самите спахии или други лица од власта и отстапувањето на други лица.

Села со најголем број семејства во Петричката нахија во 1573 година се следните:

1. Коларево, кое има 227 македонски и 14 муслимански семејства или околу 1205 жители, од кои 70 муслимани.

2. Гуменец, кое има 231 македонско и 1 муслиманско семејство.

3. Дражево со 214 македонски и 2 муслимански семејства.

4. Кирнилово со 170 македонски и 9 муслимански семејства.

5. Клуч со 155 македонски и 2 муслимански семејства.

6. Габрене со 142 македонски и 2 муслимански семејства.

---

[31]) БАШТИНА — слов. Назив за земјишен имот со кој располагал еден земјоделец било од село или град. Овој назив во пописните дефтери по правило се среќава само кај христијаните, бидејќи кај муслиманите таквиот имот се вика чифлик.

Во 1573 година во Петричката нахија се регистрирани селата Гуменци и Кирнилово, кои во 1519 година не ги среќаваме. Веројатно тие тогаш биле вклучени во некоја од соседните нахии. По бројот на семејствата тие се едни од најголемите.

Паѓа в очи бројот на семејствата на селото Клуч, кое во 1519 година беше најголемо село, додека во 1573 година бројот на семејствата е намален од 245 на 157. Кај останатите неколку села, како што се Дражево, Коларево и Габрене има извесно зголемување на семејствата.

## Обврските на селското население кон непосредните феудални господари

Покрај редовните и вонредните, даноци, како што биле, на пример, аваризот, нузулот, џизието, данокот за овци и други производителното население како од градовите исто така и од селата, било должно да дава ушур од разни зрнести култури што се произведувале во синорот на селото (пченица, јачмен, 'рж, овес, просо, граор, леќа, сусам, ориз и друго), потем од лен, лозја, бостан, улишта, свила, овошје, од градинарски култури, од сено, слама и слично, како и даноци во пари, на пример, за свињи, воденици, за пасишта, данок наречен испенџе земан во пари и тоа старешините на семејствата и неженетите а работоспособни што се регистрирани во опширните пописни дефтери (defter-i mufasal) биле задолжени со по 25 акчиња годишно, додека вдовиците во поголем број случаи се задолжени со по 6 акчиња, иако во пописните дефтери од XV век има доста случаи кога позаможните (поимашливите) вдовици давале по 25, а бедните по 6 акчиња.

Во опширните пописни дефтери за секое населено место е точно предвидено од кои производи треба да се дава ушур и во колкав износ, истиот е пресметан и во пари. Понатаму поодделно следат сите други видови парични давачки како даноци или такси и на крајот сите давачки се сумирани како годишен приход на непосредниот феудален господар, било да е тој притежател на хас, зеамет или тимар.

Како што постапивме со давачките во самиот град Петрич, ќе постапиме и за селата, т.е. ќе се задржиме на поважни натурални и парични давачки на целокупното селско население на територијата на Петричката нахија.

Ние веќе порано одбележавме дека годишно вкупниот приход од целото селско население изнесувал 382.271 акче. Најголем е годишниот приход на спахиите од данокот наречен испенџе, кој изнесувал 112.641 или 30% од вкупните обврски. На второ место доаѓа натуралната рента од разни жита, која пресметана во пари изнесувала 86.750 акчиња, а во натура 4489

товари, од кои пченица 1627, мешано жито 2767, граор 64, леќа 23 и сусам околу 8 товари. Еден товар пченица по ова време, т.е. во 1573 година, се пресметувал по 25 ачкиња, еден товар мешано жито (се мисли на јачмен, 'рж, овес, просо) по 15 акчиња, граорот по 30 акчиња, леќата по 50 акчиња, а сусамот во некои случаи е пресметан по 200 акчиња товар, а во некои по 150. Ако вкупната количина од 4489 товари ја поделиме со бројот на семејствата во тие села, ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓа годишно по околу 1,3 товар. Меѓутоа, ако се земат одделно некои од населените места и ако нивната обврска за жито се подели со бројот на семејствата, ќе се види дека некои од нив се оптоварени со многу поголеми количини. Така, на пример, селото Митиново, кое имало 64 семејства, е оптоварено со 272 товари. Во просек на едно семејство доаѓа годишно по 4,2 товари. Селото Камене имало 65 семејства. Задолжено е со 233 товари жито или во просек на едно семејство по 3,6 товари. Ист е случај и со селото Стипак, кое имало 59 семејства, а е задолжено со 223 товари, т.е. во просек по 3,6 товари на семејство.

Инаку, со најголеми количини жито се оптоварени селата Коларево, задолжено со 288 товари, потоа селото Дреново со 257 товари, селото Дражево со 217 товари итн. Меѓутоа, бројот на семејствата во последниве три села се движи од 95—241 семејство.

Должни сме да ги одбележиме малите обврски за жито на некои населби со мошне голем број на семејства. Таков е случајот со селото Старчево, кое имало 119 семејства, а е обложено само со 13 товари жито, од кои 5 пченица, 7 мешано, 1/2 товар леќа и 1/2 товар сусам. Селото Клуч со 157 семејства е задолжено со вкупно 83 товари жито. Селото Јаворница со 167 семејства е задолжено со 99 товари жито итн. Дали овие последниве села со мали обврски на жито се наоѓаат во некои пасивни предели или, пак, поради вршењето на некои должности обврските им се намалени, тоа нешто не смее во состојба да го докажеме и затоа ќе се задоволиме само со констатацијата.

На трето место доаѓа приходот од лозја, кој се земал од христијаните во натура како „ушур од шира", додека муслиманите, како што веќе нагласивме, плаќале по 4—5 акчиња за секој донум лозје. Ние се задржавме само на ушурот што го давало македонското население во Петричката нахија. Вкупната количина на ушурот годишно изнесувала 11.286 медри вино (во дефтерот стои шира). Една медра вино се пресметувала по 6 акчиња. Според тоа, вкупната количина на вино изнесувала 67.716 акчиња. Во просек на едно семејство доаѓа околу 3 1/2 медри или околу 20 акчиња годишно. Лозарството е застапено во 38 населби, т.е. само во 4 населби не е застапено. Со најголеми количини вино се задолжени селата: Коларево со 1730 медри, во просек на едно семејство се паѓа по околу 7,7

медри, Селото Лешница е задолжено со 1010 медри или во просек на едно семејство по околу 13 медри, селото Подилани, кое имало 72 семејства, е задолжено со 800 медри или во просек по околу 11 медри, селото Кумарани е задолжено со 818 медри ,а имило 75 семејства, или во просек по 10 медри на семејство.

На четврто место доаѓа приходот на феудалните господари на територијата на Петричката нахија што се наплатувал за производството на лен. Годишниот приход изразен парично изнесувал 40.835 акчиња. Со производството на лен се занимавале 22 населби. Во пописниот дефтер оваа давачка во некои случаи е регистрирана само во паричен износ, а во други случаи за поединни населби количината на лен се изразувала со „оки", а секоја ока се пресметувала по 2 акчиња. Со вакви ознаки (на ока и паричен износ) во дефтерот има 6 села. Во некои од селата како мерка за ленот е регистриран „кантарот",[32]) чија вредност била 88 акчиња. Со ваква регистрација на приходот или обврските за ленот има 13 села. Познато е дека во еден кантар имало 44 оки и затоа неговата вредност е 88 акчиња, бидејќи, како што и пред тоа видовме, 1 ока се пресметувала по 2 акчиња. Поаѓајќи од самите обврски за ленот, изразен количински и парично, можеме да констатираме дека со овој вид давачки биле најмногу оптоварени селата:

1. Скрит, кое имало 96 семејства (заедно со муслиманите) и е задолжено со 69 кантари ,т.е. 6072 акчиња. Во просек на едно семејство доаѓа по 61 акче или по 30 оки лен.

2. Селото Кумарани е задолжено со 58 кантари лен во износ од 5104 акчиња. Селото имало 86 семејства (со муслиманите). Во просек се паѓа по околу 60 акчиња или 30 оки лен.

3. Селото Коларево е задолжено со 65 кантари лен во износ од 5720, а селата Габрене и Јаворница се обложени со по 50 кантари или парично изразени со 4410 акчиња.

Во досегашните проучувања на многубројните опширни пописни дефтери од XV и XVI век не сретнавме ниедна нахија во Македонија каде што е така широко застапено производството на лен. Заслужува внимание и данокот што се земал од селското население за производството на свила (коприна). Со овој вид данок се задолжени 32 села што е најдобар доказ дека одгледувањето на свилената буба во оваа нахија било мошне застапено. Годишниот приход на феудалните господари од овој данок изнесува 5753 акчиња. Овој данок во повеќе случаи во дефтерот е регистриран како парична рента, а во 9 села прво

---

32) КАНТАР — Мерка за тежина од 44 оки.

е заведена мерката наречена „ледра" или (лидра),[33]) како и нејзиниот паричен износ. Една ледра се пресметувала по 120 акчиња.

Со најголем износ од оваа давачка е задолжено селото Коларево каде стои „ушур од свила" 1000 акчиња. На второ место е селото Јаворница задолжено со 5 ледри, во вредност од 600 акчиња, т.е. по 120 акчиња за секоја ледра. Со по 2 ледри свила се задолжени селата Дреново, Скрит и Камене. Само со парични суми за свила се задолжени селата Габрене со 600 акчиња, селото Лешница со 300, Клуч со 237 акчиња итн.

Чувањето и одгледувањето на свињите е застапено во 40 населби, т.е. исклучок прават само две населби. Годишниот приход од овој данок изнесувал 4214 акчиња. Според некои османлиски закони овој данок изнесувал по 1 акче за секоја свиња, а во други закони стои дека на 2 свињи се земало по 1 акче. Како се наплатувал овој данок во Петричко, не ни е познато. Со најголеми износи за овој данок се задолжени селата: Коларево со 400 акчиња, Клуч со 330, Покровник со 322, Дреново со 220 акчиња итн.

Заслужува внимание и данокот за бостан (resm-i bostan). Годишните обврски на селското население за овој данок изнесуваат 4312 акчиња. Со овој данок се задолжени 39 села во Петричко што е најдобар доказ дека производството на лубениците, диињите и другите градинарски култури е мошне развиено. Со најголеми суми се оптоварени селата: Клуч и Коларево со по 340, Кирнилово со 320, Габрене со 260, Гуменци со 250 акчиња итн.

На територијата на Петричката нахија е мошне застапено и пчеларството, бидејќи во 33 села е регистриран ушур од улишта во вкупен годишен износ од 2687 акчиња. Поаѓајќи од годишните обврски, произлегува дека пчеларството било најзастапено во селата: Митиново, Кирнилово, Подилани, Клуч, Дреново. Во овие села годишните обврски за овој данок се движат од 140—200 акчиња.

На територијата на Петричката нахија има само едно дервенциско село. Тоа е селото Покровник кое во пописниот дефтер е регистрирано под реден број 6. Селото е вклучено во зеаметот на Халил-беј, мутеферика при султанскиот двор. Под самото село во дефтерот има текст во кој стои:

> „Селото Покровник е дервен и спаѓа во Петричката нахија. Секое од регистрираните лица дава по 10 акчиња на име испенце, а само женетите даваат уште по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен.

---

[33]) ЛЕДРА — Назив на мерка со која се мерела тежината на свилата.

> Бидејќи дервенот го одржуваат и чуваат добро и никому од минувачите не му е нанесена никаква штета или зло, како компензација за таа нивна должност се ослободени од сите редовни и вонредни државни даноци, додека данокот за свадбарина и таксата за внесено вино однадвор, како и нијабетот, го плаќаат. Гореизложеното е регистрирано во стариот (т.е. претходниот М. С.) пописен дефтер истото е внесено и во новиот царски дефтер. Доколку поседуваат лозја даваат „ушур од шира", како и другата раја".

Понатаму следи поединечниот попис прво на старешините на семејствата, а потоа на неженетите а работоспособни (mücerred). Во пописот одделно се регистрирани 84 старешини на семејства. Меѓутоа, при регистрирањето на износот на испенџето пописувачот ставил дека биле 91 старешина на семејство, задолжени со 910 акчиња на име испенџе. Очигледно е дека пописувачот направил грешка при сумирањето и место 84 ставил 91 старешина. По испенџето следи износот на ушурот од пченица и мешано жито, со кој биле задолжени само женетите или старешините на семејствата. Ние погоре видовме дека секој од нив бил должен да даде годишно по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен. Еден денк, како мерка, бил равен на половина товар. Бидејќи пописувачот при сумирањето на женетите ставил 91 место 84, затоа при пресметувањето на пченицата и мешаното жито ставил — пченица 45 1/2 товари во вредност од 1137 акчиња, мешано жито 45 1/2 товари во вредност од 684 акчиња.

Според бројот на регистрираните старешини, би требало да бидат задолжени со 42 товари пченица и 42 товари мешано жито. Покрај испенџето и ушурот од жита во дефтерот кај ова село се регистрирани уште и следниве давачки:

| | |
|---|---|
| Ушур од шира, 30 медри во вредност од . . . . | 180 акчиња |
| Данок за гроздобер (resm-i sepet) . . . . . . . | 30 —„— |
| На име ушур од сусам — паричен износ . . . . | 40 —„— |
| Ушур од свила во износ од . . . . . . . . . | 100 —„— |
| Ушур од улишта во износ од . . . . . . . . . | 36 —„— |
| Данок за бостан —„— —„— . . . . . . . . . | 182 —„— |
| Такса за внесено вино однадвор . . . . . . | 400 —„— |
| Данок за свињи . . . . . . . . . . . . . | 322 —„— |
| Нијабет, свадбарина, падарина и такса за тапија на земја . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 1325 —„— |

Вкупниот приход на феудалниот господар од населението на ова дервенџиско село во дефтерот е заведен дека изнесувал 5804 акчиња. Ако бројот на женетите не бил 91, а 84 колку

што се регистрирани, во тој случај ќе треба да се одземе вредноста од 75 акчиња за 3 товари пченица и вредноста за 3 товари мешано жито во износ од 45 акчиња и во тој случај годишниот приход би изнесувал 5684 акчиња.

На територијата на Петричката нахија како што веќе порано нагласивме има само едно село населено исклучиво со муслимани. Тоа е селото Чорловци, кое било вклучено во зеаметот на Мустафа Челеби, емин на дефтерите при султанскиот двор. Во селото се регистрирани поединечно 24 муслимани. За 18 души од нив изрично е нагласено дека се оризари со свој шеф по име Хасан, а останалите 6 души се означени како раја, што значи дека не биле оризари. Под самото село има текст во кој се говори дека оризарите т.е. тајфата на оризарите се ослободени од плаќање на авариз и нузул, како и од давање на веслари и улаци[34]), и од други вобичаени намети. Помеѓу регистрираните оризари и раја во ова село има 10 исламизирани христијани, од кои 7 оризари и 3 раја. За тројца од регистрираните оризари во дефтерот е внесено дека како такви дошле на местото на нивниот татко, кој порано бил оризар. За еден стои дека го заменил својот брат. Кај тројца од регистрираните оризари, кои биле конвертити во дефтерот е заведено дека дошле на местото на поедини христијани по име — Ламбо Јован; Драле Ламбо; Димитраки син на поп Јаков (или Нако). Има и четврт оризар кој дошол на местото на христијанин по име Обрен Јанко. Овие податоци се најарен доказ дека порано оризари во ова село биле христијани, кои подоцна се заменети со исламизирани христијани.

Во регистрираните давачки на непосредниот феудален господар оризарите се задолжени со: — 25 акчиња на име „ушур од свила“, со 7 акчиња на име „данок за бостан“ и со 25 акчиња на име „ушур од улишта“. Што се однесува до рајата, тие се задолжени со данок за земјарина (resm-i çift[35]) или resm-i benak)[36]) во износ од 121 акче. Оние муслимани што притежавале земја од околу 60—120 донуми во зависност од плодноста на земјата, која се наречувала „чифлик“, во смисла земја што може да се обработи со едно рало или дзевгар волови, тие плаќале на име земјарина (resm-i çift) по 22 акчиња годишно. Оние муслимани што поседувале помалку земја, т.е. половина, се викале „бенаци“ и тие се задолжувале со по 11 акчиња годишно. Во дефтерот стои дека муслиманите раја биле задолжени со 1 товар пченица во вредност од 25 акчиња и 1 товар мешано жи-

---

[34]) УЛАК (Ulak) — тур. Курир; поштар кој најчесто со сопствен коњ ја пренесувал поштата од едно место на друго.

[35]) РЕСМ-И ЧИФТ (Resm-i çift) — Назив за данок на земјарина што се наплатувал од муслиманите кои располагале со цел чифлик т.е. со земја од 60—120 донуми.

[36]) РЕСМ-И БЕНАК (Resm-i benak) — Назив за данок на земјарина, земан од оние муслимани кои располагале со земја помалку од еден чифлик.

то во вредност од 15 акчиња. Понатака тие се задолжени уште со ушур од лен во износ од 3 акчиња, ушур од свила 4 акчиња, данок за улишта 5 акчиња, данок за бостан 5 акчиња, ушур од сено 5 акчиња, за сламарина 3 и ушур од овошје 2 акчиња.

Се задржавме на сите давачки од ова село што му следеле на непосредниот феудален господар и тоа посебно на давачките на оризарите и на рајата[37]), за да констатираме дека нема ништо или никакви давачки од она што фактички произведувале оризарите, а тоа е оризот. Евидентно е дека количината ориз што требало да ја дадат оризарите, не му следела на овој феудален господар, ами на некој друг. Проблемот на оризарите во османската империја е мошне интересен, но тој кај нас не е уште подробно обработен.

Во досегашните проучувања на османско-турската архивска документација сме сретнале податок дека на самиот производител на ориз му останувала на располагање само 1/3 од производството, бидејќи 1/3 требало да се даде за султанскиот двор и 1/3 за семе и друго.

Во самиот почеток од овој пописен дефтер, кој почнува со пописот на хасовите на падишахот (лист 177) под реден број 1, е даден приходот од оризарите од Чорловци, што произведувале ориз на реката Струмица. Таму стои дека биле оризари 20 души (но нема попис) задолжени да дадат за семе 16 стари мозери (мерка за ориз). Понатака е регистрирано дека преостанувал чист ориз 100 киличи, дека секој килич се пресметувал по 24 акчиња, така што вкупната сума од 2400 акчиња му припаѓала на падишахот, т.е. на неговиот хас. Може со сигурност да се тврди дека оризот, што му припаѓал на падишахот, го произведувале одделно регистрираните оризари во селото Чорловци. Местоположбата на ова село може да се согледа и од самиот текст во дефтерот каде се говори дека синорот на ова село граничил со синорите на Петрич и селата Коларево и Рибарци. На 182 лист во врска со обработувањето земјата во мезрата Моноспит стои дека таа била обработувана како од жителите на селото Богулево исто така и од жителите на Петрич, Чуричани и од селото Чорлево (sic), кое имало и друг назив Оризари (Çeltukciyan).

Меѓу давачките или приходите од селото Чорловци во дефтерот е регистриран приход од 4 воденици ,сопственост на вакафот при завието (текето) на покојниот Дервиш Челеби, во износ од 120 акчиња, т.е. за секоја воденица по 30 акчиња годишно. Исто така е регистриран приход од 15 акчиња што се земал за 1 динга за ориз (справа за лупење ориз), сопственост на вакафот при завието.

---

[37]) Во овој случај под „раја" се подразбираат оние жители што не се занимавале со производство на ориз. Истиот израз се употребува и во дервенциските села, а се однесува на оние жители од дервенциското село што не се задолжени да вршат дервенциска должност.

Во селото Тополница, кое е регистрирано под реден број 21, е даден попис на еден џемат со јуруците наречен „serči". Овој џемат бил во синорот на селото Тополница. Одделно се регистрирани 15 души. За тројца е одбележено дека се ешкинџии, за четворица дека се јуруци, а за четворица дека се синови на јамаци. За тројца јуруци е запишано дека треба да даваат по 12 акчиња, а тоа значи дека тие располагале со обработлива земја што може да се обработи со едно рало волови, додека другите се задолжени со по 6 акчиња, третирани како бенаци, што е знак дека тие се претежно номади и без свое постојано местожителство и од нив се наплатувала такса за пасење на стоката во синорот на селото.

За XVI век е карактеристично што во Румелија, а веројатно и во други области на османската држава, се појавува чифлигарството во самиот тимарско-спахиски систем како нов аграрен систем. Во втората половина од XVI век во многубројни предели на Македонија појавата на чифлици е мошне честа и во најголем број случаи сопственици на чифлици се спахии и нивни синови, потоа јаничари, а не се ретки и разни други бегови, високи службеници, трговци, верски службеници па и побогати занаетчии. Има случаи кога поединци поседуваат по 2—3 чифлици. Се разбира дека сите горенаведени поседници на чифлици, познати во народот како чифликсајбии, не ја обработувале сами земјата во нивните чифлици и ја давале или на исполџии или пак под извесни услови ја задолжувале селската раја да им ја обработува земјата.

Во 1573 година на територијата на Петричката нахија појавата на чифлици е прилично ретка, но сепак ја има. Така на пример во селото Богулево како сопственик на два чифлици се јавува спахијата Иса, а на еден чифлик се сопственици Увејс и Џафер, синови на спахија. Во селото Митиново сопственик на чифлик бил Хасан Челеби кого го наследил неговиот син Абдулкерим. Во градот Петрич се регистрирани повеќе чифлици, а меѓу давачките се среќава еден чифлик на јаничар, кој бил должен да дава ушур. Во селото Клуч има еден чифлик на јаничар по име Илјас, итн.

На крајот да дадеме само уште неколку податоци што се среќаваат во пописниот дефтер од 1573 година. Така, на пример, на 199 лист е регистриран манастирот Свети Никола, кој се наоѓал кај населбата Лешница. Овој манастир бил должен на феудалниот господар да му дава по 1 товар пченица и по 1 товар мешано жито како и ушур од лозја, т.е. шира.

Секако е интересен и податокот што го среќаваме на 177 лист каде е регистриран приход од баждарина на панаѓур (Bac-i bazar panair), што порано му бил доделен на неговата екселенција покојниот Рустем-паша. Панаѓур се одржувал и во селото Богородица.

Во пописниот дефтер од втората половина на XVI век е регистриран само еден соколар[38]) по име Драле Димо од село Рибница.

На крајот даваме табеларен преглед за селата во Петричката нахија со графи за составот на населението. За муслиманите е даден бројот на семејствата и неженетите, а кај христијаните, т.е. Македонците, е внесена и графа за вдовиците, бидејќи тие се посебно регистрирани во самите пописни дефтери. Редоследот на селата не е даден по азбучен ред, туку е земен редоследот на пописниот дефтер од 1573 година. Од табеларниот преглед може најарно да се проследи движењето на населението во временскиот интервал меѓу 1519 и 1573 година во секое населено место на територијата на Петричката нахија. Да одбележиме и тоа дека во 1519 година Петричката и Мелничката нахија не се стриктно разграничени, т.е. не се дадени оделни пописи, туку кај секое село во пописниот дефтер е изрично забележано дали спаѓа во Петричката или Мелничката нахија, додека во 1573 година пописите на овие две нахии се дадени одделно.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

### За составот на населението во Петричката нахија

| Назив на населбата | | Во 1519 год. | | | | | Во 1573 год. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | | Муслимани | | Македонци | | | Муслимани | |
| | | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејства | Неженети | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејство | Неженети |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1. | Село ДОЛАНИ[39]) | 104 | 4 | 17 | 3 | — | 12 | — | 9 | 2 | — |
| 2. | —„— СТАРЧЕВО[40]) | 100 | 5 | 19 | — | — | 113 | 6 | 62 | — | — |
| 3. | —„— ДРЕНОВО[41]) | 85 | 5 | 19 | — | — | 87 | 5 | 38 | 3 | — |

[38]) СОКОЛАР (Doganci) — Поопстојно за соколарите, нивните обврски и ослободувања од некои даноци види кај М. Соколоски во статијата. — „Градско и селско население со специјални задолженија во дел од Охридскиот санџак во втората половина од XVI век“. — Гласник на Институтот за национална историја — Год. X, бр. 2—3, 1966.

[39]) Во дефтерот е точно така регистрирано. Меѓутоа, со буквата „elif“ многу често се означувала буквата „е“, а буквата „је“ многу често се читала како „е“. Ете зошто називот на ова село би можело да се прочита и како Долеие. Во географската карта (Carte de la Macedoine) село со назив Долеие има западно од Петрич, помеѓу селата Право Брдо и Дреновица.

[40]) Напишано е Истарчево. Се наоѓа северно од Петрич близу селото Крнилово.

[41]) Селото Дреново се наоѓа северно од Петрич близу селото Богородица.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | —„— ПОКРОВНИК[42]) | 50 | — | 41 | — | — | 91 | — | 47 | — | — |
| 5. | —„— ДРАЖЕВО[43]) | 179 | 19 | 20 | 1 | — | 221 | 3 | 76 | 1 | 1 |
| 6. | —„— БОГУЛЕВО[44]) | 27 | 3 | 6 | 4 | — | 62 | — | 7 | 5 | 1 |
| 7. | —„— ЈАКОВО[45]) | 8 | — | 1 | — | — | 14 | 1 | 13 | — | — |
| 8. | —„ —ЧОРЛОВЦИ[46]) | 8 | — | 1 | — | — | — | — | — | 24 | — |
| 9. | —„— КРУШИЦА[47]) | — | — | — | — | — | — | — | — | 1 | — |
| 10. | —„— ЕЛЕШНИЦА[48]) | 36 | 1 | 8 | 1 | — | 76 | 10 | 42 | 1 | — |
| 11. | —„— ИВЕНИ[49]) | Регистрирани како мезра | | | | | 3 | — | 3 | — | — |
| 12. | —„— ГУМЕНЕЦ[50]) | ВО 1519 не се среќава | | | | | 222 | 9 | 173 | 2 | — |
| 13. | —„— КОЛАРЕВО[51]) | 177 | 1 | 28 | 9 | 2 | 222 | 5 | 86 | 14 | — |
| 14. | —„— МИХНОВО[52]) | 40 | 2 | 8 | 7 | 1 | 50 | — | 35 | 14 | 2 |
| 15. | —„— КИРНИЛОВО[53]) | 92 | — | 9 | 5 | — | 164 | 6 | 13 | 9 | 1 |
| 16. | —„— градот ПЕТРИЧ | 461 | 75 | 85 | 60 | — | 314 | 32 | 116 | 125 | 11 |
| 17. | —„— БОРОВИЧАНИ[54]) | Во 1519 не се среќава | | | | | 87 | 2 | 51 | 3 | 1 |
| 18. | —„— ТОПОЛНИЦА[55]) | 7 | — | 3 | — | — | 22 | — | 11 | 15 | — |
| 19. | —„— КЛУЧ[56]) | 234 | 11 | 50 | — | — | 143 | 12 | 57 | 2 | — |
| 20. | —„— ЛЕШНИЦА[57]) | — | — | — | — | — | 76 | — | 26 | 8 | 3 |
| 21. | —„— ЈАВОРНИЦА[58]) | 170 | 9 | 3 | 12 | 2 | 137 | 8 | 69 | 22 | 9 |

[42]) Селото Покровник се наоѓа северо-источно од Петрич.

[43]) Точно така е регистрирано. Меѓутоа, село под овој назив во географската карта не можевме да сретнеме. Има село Дранчево кое се наоѓа западно од град Петрич.

[44]) На едно место точно така е регистрирано ова село. На друго место е напишано така што допушта да се прочита како Богулево. Сео со ваков назив не сретнавме во помагалата.

[45]) Селото Јаково се наоѓа источно од Петрич.

[46]) Читањето е сосема коректно. Село со овој назив не сретнавме во помагалата.

[47]) Селото Крушица се наоѓа западно од Петрич.

[48]) Селото Елешница се наоѓа југо-западно од Петрич близу селото Коларево.

[49]) Би можело да се прочита и како Ивање. Се наоѓа северо-западно од Петрич близу селото Коларево.

[50]) Во географската карта северо-западно од Петрич е заведено како Игуменец.

[51]) Се наоѓа југо-западно од Петрич помеѓу селата Димудово и Елешница.

[52]) Се наоѓа северно од Петрич, близу селото Чуричани.

[53]) Во географската карта е заведено како Крналово. По се изгледа дека во картата е погрешно регистрирано. Се наоѓа северно од Петрич.

[54]) Точно така е регистрирано во пописниот дефтер. Во помагалата со кои се ползуваме е регистрирано како Боровица и Борович.

[55]) Се наоѓа источно од Петрич.

[56]) Се наоѓа западно од Петрич близу селото Камена.

[57]) Читањето е коректно. Со овој назив село во помагалата не сретнавме.

[58]) Во дефтерот е точно така регистрирано, додека во географската карта фигурира како Јаворица. Се наоѓа западно од Петрич.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. —„— | ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА[59]) | 106 | 11 | 29 | — | — | 92 | 2 | 49 | 1 | — |
| 23. —„— | ЧУРИЧАНИ[60]) | 30 | 2 | — | — | — | 31 | — | 10 | — | — |
| 24. —„— | ПОДИЛАНИ[61]) | 77 | 5 | 9 | — | — | 72 | — | 62 | 4 | 1 |
| 25. —„— | КОНАРЕНЕ[62]) | Во 1519 не се среќава | | | | | 67 | 8 | 41 | 11 | — |
| 26. —„— | СКРИТ[63]) | — | — | — | — | — | 85 | — | 63 | 11 | 2 |
| 27. —„— | ВИШАНИ[64]) | 66 | 4 | 7 | 3 | — | 59 | — | 28 | 4 | 2 |
| 28. Село | ГАБРЕНЕ[65]) | 145 | 9 | 22 | — | — | 138 | 4 | 127 | 2 | — |
| 30. —„— | ДОЛНА БО- | | | | | | | | | | |
| 29. —„— | КАМЕНА[66]) | 81 | 6 | 14 | 3 | 2 | 59 | 4 | 56 | 2 | 1 |
| 30. —„— | ДОЛНА БОГОРОДИЦА[67]) | 21 | 2 | 9 | — | — | 36 | 4 | 28 | 2 | — |
| 31. —„— | ПРАВО БРДО[68]) | 27 | — | 4 | 1 | — | 30 | 2 | 28 | 1 | — |
| 32. —„— | ДРЕНОВИЦА[69]) | Во 1519 не се среќава | | | | | 18 | 2 | 4 | 5 | 5 |
| 33. —„— | СТИНАК[70] | 37 | 3 | 3 | — | — | 56 | 3 | 41 | — | — |
| 34. —„— | БАЈКОВО[71]) | Во 1519 не се среќава | | | | | 43 | 4 | 16 | 1 | — |
| 35. —„— | ЧОЛОВО[72]) | 18 | — | 2 | 1 | 2 | 22 | 1 | 15 | 3 | 1 |

[59]) Во географската карта северно од Петрич има село со назив Богородица што се наоѓа близу селото Дреново.

[60]) Се наоѓа северо-западно од Петрич.

[61]) Точно така е регистрирано во пописниот дефтер, и допушта да се прочита и како Подилени. Во географската карта има село Бодилен. Нема сомнение дека е тоа едно исто село кое се наоѓа западно од градот Петрич.

[62]) Се наоѓа западно од Петрич.

[63]) Напишано е Искрит. Се наоѓа југо-западно од Петрич близу селото Клуч.

[64]) Точно така е напишано. Може да се прочита и како Вишени. Кај Васил К'нчов се среќава село со назив Вишња. Нема сомнение дека е тоа едно исто село. Во географската карта не успеавме да го пронајдеме.

[65]) Како што е регистрирано во дефтерот би требало да се прочита пред сѐ како Г'брани или Г'брене. Во географската карта и кај Васил К'нчов е заведено како Габрене. Секако е едно исто село.

[66]) Селото Камена се наоѓа западно од Петрич, близу селото Клуч.

[67]) Село со називи Голема и Долна Богородица во помагалата не сретнавме. Во географската карта има само село Богородица кое се наоѓа северно од Петрич близу селото Дреново. Веројатно двете села во текот на XVI век било едно до друго.

[68]) Во дефтерот е напишано Права Брда. Се наоѓа северо-западно од Петрич.

[69]) Во дефтерот е регистрирано како Дренофчи. Во географската карта има село Дреновица, кое се наоѓа северо-западно од Петрич. Сигурно е во прашање едно исто село.

[70]) Регистрирано е како Истинак. Се наоѓа северо-западно од Петрич.

[71]) Се наоѓа западно од Петрич, под селото Бадилен.

[72]) Читањето е коректно, но во помагалата не го сретнавме.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36. | —„— СЕЛЕНЕ[73]) | 66 | — | 1 | 4 | 1 | 33 | — | 33 | — | — |
| 37. | —„— ДИМИДОВО[74]) | 63 | 2 | 3 | 5 | 2 | 34 | 5 | 22 | 5 | 4 |
| 38. | —„— СВИЛАНИ[75]) | 14 | — | 2 | — | — | 14 | 1 | 11 | — | — |
| 39. | —„— МИТИНОВО[76]) | — | — | — | — | — | 14 | — | 10 | — | — |
| 40. | —„— ЃУРЃЕВО[77]) | 72 | 7 | 9 | 3 | — | 38 | — | 23 | 3 | 4 |
| 41. | —„— ПОЛЕВО[78]) | 29 | 1 | 9 | — | — | 24 | — | 33 | — | — |
| 42. | —„— РИБНИЦА[79]) | 108 | 5 | 10 | 3 | 2 | 94 | 2 | 25 | 3 | 1 |
| 43. | —„— СТЕНИК[80]) | 15 | 1 | 3 | — | — | Во 1573 не се среќава | | | | |

[73]) Напишано е така што секој еден би го прочитал како Селани. Бидејќи кај В. К'нчов среќаваме село со назив Селени и затоа го читаме така што е сосема во ред.

[74]) Се наоѓа западно од Петрич близу селото Клуч.

[75]) Читањето е коректно, но не успеавме да го убицираме.

[76]) Како што е напишано би можело да се прочита и како Мендово. Кај В. К'нчов среќаваме села и со двата овие називи.

[77]) Се наоѓа северно од Петрич близу селото Богородица.

[78]) Се наоѓа југо-источно од Петрич.

[79]) Се наоѓа северо-западно од Петрич.

[80]) Село со назив Стеник се среќава кај В. К'нчов.